РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 04-32/4
11.01. 2024 год.
Свети Николе

Врз основа на член 143 став (17) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18, Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 20 став (10) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 283/23), Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе на ден 11.01.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За избор за вработување на кандидати по јавен оглас 05/2024**

1. По спроведената постапка за вработување по јавен оглас број 05/2023 објавен од страна на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе, за вработување на **ДЕЗ 03 03 Д03 001 неговател помошно стручен работник - едно (1) лице давател на јавна услуга** на неопределено време се избира следниот кандидат:

- **ЛИДИЈА СТОЈКОВСКА**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е:

Директорот го избра лицето од точката 1 од оваа Одлука по спроведена постапка за вработување во согласност со член 143 од Законот за заштита на децата, член 20 став (10) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и ранг-листа број 04-32/3 од 11.01.2024 година од комисија за селекција.

За вработување на извршителот од точката 1 на оваа одлука се обезбедени средства од Министерството за финансии со број 18-13798/2 од 26.12.2023 година.

Член 20 став (10) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 283/23) гласи „Започнатите постапки за пополнување на работни места кои не се завршени до 31 декември 2023 година ќе се спроведат во 2024 година, согласно со даденото Известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства во 2023 година". Постапката за вработување на неговател помошно стручен работник – едно (1) лице давател на јавна услуга е започната во 2023 година, односно со јавен оглас објавен во дневен печат на 29.12.2023 година, поради тоа продолжува да се спроведува во 2024 година, врз основа на известувањето од Министерство за финансии број 18-13798/2 од 26.12.2023 година.

Врз основа на одлука за потреба од пополнување на слободни работни места број 04-196/4 од 26.12.2023 година и обезбедените финансии е распишан Јавен оглас број 05/2023 на ден 29.12.2023 во дневните весници „Слободен печат" и „Лајм".

На јавниот оглас 05/2023 за вработување на работно место ДЕЗ 03 03 Д03 001 неговател помошно стручен работник - едно (1) лице давател на јавна услуга на неопределено време е поднесена една пријава: Пријава заведена под број 04-196/7 од 29.12.2023 година од Лидија Стојковска.

Комисијата спроведе административна селекција и проверка на способноста. Комисијата при вршење на проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази утврди дека единствениот кандидат дал точни податоци и приложил веродостојни докази кон пријавата и затоа освои 50 бода. Потоа беше спроведена проверка на способноста за вршење на работите преку интервју и се состоеше од прашања од областа на детската заштита. Прашањата носат по 10 бода за точен одговор, 5 бода за делумно точен одговор и 0 бода за неточен одговор, вкупно 5 прашања.

Кандидатот Лидија Стојковска покажа големо познавање од областа на детската заштита и освои 45 од вкупно 50 бодови на интервјуто.

Комисијата состави ранг листа со предлог за прворангиран кандидат според вкупниот број на бодови освоени во двете фази од јавниот оглас за работно место **ДЕЗ 03 03 Д03 001 негоеател помошно стручен работник - едно (1) лице давател на јавна услуга** на неопределено време.

Согласно Ранг листата и предлогот за прворангиран кандидат, а во врска со член 143 став (17) од Законот за заштита на децата и член 20 став (10) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година Директорот постапи како во диспозитивот и го избра лицето од точка 1 на оваа одлука за вработување на неопределено време.

Правна поука:

Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на Жалба во рок од 8 дена од денот на приемот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

11.01.2024 Свети Николе

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева"
Свети Николе

Директор